*CENTER FOR ECONOMIC ANALYSES (CEA)*

***We are making a difference***

# Буџетски Трошења - Централна власт

Период 01.01.2018 година до 30.09.2018

Октомври,
2018

Оштиинформацииза
ЦЕА

Лого:

Адреса:

**ЦЕНТАРЗАЕКОНОМСКИАНАЛИЗИ(ЦЕА)**

бул. Јане Сандански 63/3,

1000 Скопје, Македонија

тел.: + 389 (0)2 24 44 766

моб.: + 389 71 310 974

ЕДБ: 4030003479278

РБ: 5763061

-
Сметка:
Стопанска Банка АД Скопје

број на сметка: 200000856268559

веб-страницаи е -
пошта:

www.cea.org.mk

www.mkbudget.org

info@cea.org. мк

## *БуџетскиТрошења-Централна власт*

Период 01.01.2018 година до 30.09.2018

**Резиме**

**Капиталните расходи кумулативно** до месец Септември 2018 год. имаат стапка на реализација од 27,4% што е за приближно 48 процентни поени (п.п.) пониска од рамномерните кумулативни од 75%.

Стапката на реализација на ставката – **други трансфери** кумулативно до месец Септември 2018 година изнесува 75% - вредност која се поклопува со претпоставената рамномерна реализација.

Кумулативната стапка на реализација на **расходите за стоки и услуги** до 30 септември 2018 година изнесува 57%, и е за 18 процентни поени под претпоставената рамномерна месечна реализација од 75%.

**Вкупните даноци** до месец Септември 2018 година ја следат нивната вообичаена месечна динамика. Стапката на реализација на оваа ставка до 30.09.2018 изнесува околу 72% што претставува 3 процентни поени пониска реализација од претпоставените рамномерни 75%.

Стапката на реализација на **данокот на добивка** до 30.09.2018 година изнесува околу 86%, што е за 11 п.п. повисока од рамномерните 75%.

Кумулативната месечна стапка на реализација на ставката социјални трансфери кон **Агенција за вработување** (вклучително и надоместоци за невработените, расходи за мерките за вработување и сл.) до крајот на месец Септември годинава изнесува речиси 86%, и е за 11 процентни поени над претпоставената рамномерна месечна реализација од 75%. Само во септември 2018 година оваа ставка има реализација од 17,4%.

Кумулативната месечна реализација на **буџетскиот дефицит** на крајот од месец Септември 2018 година изнесува околу 38% што е за 37 процентни поени пониска реализација од претпоставените рамномерни од 75%.

Месечната стапка на реализација на ставката **државни записи** кумулативно на крајот од месец Септември 2018 година изнесува 64% што е за 11 процентни поени пониска од рамномерните 75%.

Реализација на ставката **странски заеми** кумулативно до месец Септември 2018 година изнесува приближно 90% што е за 15 процентни поени повисока од претпоставените рамномерни 75%.

## Трошењетоодцентралниотбуџет

***Мониторинг на буџетските трошења на централно ниво-мониторинг и анализа на месечните извештаи кои ги објавува Министерството за финансии на РМ за извршување на буџетот***

Мониторингот е направен врз основа на креирана база на податоци (од податоци од месечни/квартални извештаи од Извршување на Буџет[1] 2008-2018 год.) преку што се утврдени главните трендови и сезонски ефекти во политичките и економските циклуси и разликите во буџетските трошења во тековниот период, и нивно споредување со минати периоди. Целта на испитувањето на движењето на посебни позиции на приходи/расходи во буџетот за претходниот период (претходните изборни циклуси) претставува основа да се види шаблонот по кој се менуваат зголемуваат/намалуваат определени буџетски позиции пред и за време на избори. Ова понатаму ќе ни овозможи споредба на истите со тековните движења на буџетските приходи и расходи и со извесна доза на внимание предвидување на движењето на истите во изборниот процес кој доаѓа.

Анализата на национално ниво е базирана на официјално достапните податоци за буџетските ставки од месечните извештаи за извршување на буџетот[1]. Нашата цел е блиску да го следиме движењето на селектирани ставки кои вообичаено се поврзуваат со политичкиот и економскиот циклус.

За секоја од буџетските приходи и расходи во буџетот кои се дел од мониторингот е креирана база на податоци во која се следи:

- Реализација на буџетот, во проценти на месечна и на квартална основа.
  - Кумулативна реализација на буџет, во проценти на месечна и на квартална основа.
- Апсолутно извршување на буџетот на месечна и квартална основа
  - Рамномерност во извршувањето на буџетот на месечно и квартално ниво со цел да се видат отстапувањата од месечниот/кварталниот просек

  Отстранување на сезонскиот ефект од движењето на буџетските ставки (приходи и расходи) и преставување на истиот со посебна линија на графичките прикази ("сезонски фактор" кај кварталните прикази и "месечнифактори" кај месечните прикази на податоците) со цел појасно да се видат движењата на определени приходи и расходи кои евентуално произлегуваат од дискрециони одлуки, а не врз основа на сезонски ефекти. За секоја од посебните буџетски ставки е пресметан и мониториран и трендот кој го следат истите.

[1]Податоците за планираниот буџет за 2018 година се земени од првичниот донесен буџет за 2018 година

Буџетските позиции кои се дел од мониторингот опфаќаат:
Јавни приходи : вкупни даноци, ДДВ, данок на добивка, административни такси и глоби, персонален данок на доход.
Јавни расходи : Капитални расходи, плати и надоместоци, стоки и услуги, здравствена заштита, расходи за пензии, парични надоместоци за невработени, и категоријата други трансфери која вклучува и трансфери кон ЕЛС, субвенции заземјоделството.
Финансирање на дефицит: движење на дефицит/суфицит, државни записи и странски заеми.

Во анализата која ќе следи ќе бидат презентирани генерални заклучоци и само селектирани графички прикази кои ги потврдуваат нашите констатации, имајќи ја предвид обемноста на базата на податоци и информациите кои невозможно во целост да се презентираат во ограничениот простор на овој извештај.

**Напомена: Со цел појасно претставување на движењето на определенитерасходи/приходи во дел од графици (може да се види со права хоризонтална црвена линија) е прикажано рамномерното ниво (изразено во %) доколку определена буџетска ставка би се реализирала рамномерно на месечно/квартално ниво во текот на годината. Ова преставува визуелно погоден графички приказ за да се спореди и утврди во кои периоди има значајно поголемо/помало реализирање на определените приходи/расходи од рамномерно утврденото.**

***Во делот на графичките прикази на месечно ниво со црвена линија( ) е прикажан сезонскиот фактор, односно вообичаеното/сезонскодвижење на определен приход/расход (следен во периодот од 2008 годинадо сега).***
**Месечни Фактори** - ***сезонски фактор на движење на месечно ниво на секоја од разгледуваните буџетски ставки од месечните извештаи за извршување на буџетот е прикажано со црвена линија ( ) се гледа вообичаеното/сезонско движење на определен приход/расход (следен во периодот од 2008 година до сега),***

**Приходи/Расходи за месецот**– ***динамика на движење на месечните приходи/расходи од извршувањето на буџетот спореден со вообичаените сезонски движење на истиот приход/расход, е прикажано со сина линија-***

**Капитални расходи**

Капиталните расходи претставуваат една од главните ставки одговорни за растот во една економија. Кумулативно до месец Септември 2018 година стапката на реализација на оваа ставка изнесува 27,4% што е за приближно 48 процентни поени пониска од рамномерните 75%.




**Социјална помош**

Анализата на рамномерноста на реализирање на расходите за социјална помош покажува дека овие расходи имаат циклично движење. Кумулативната месечна стапка на реализација на оваа ставка до месец Септември 2018 година изнесува 76 и е за 1 процентен поен повисока од претпоставената рамномерна кумулативна реализација од 75%.






**Други трансфери**

Кумулативната месечна стапка на реализација на ставката – други трансфери до месец Септември 2018 година изнесува 75%, и се поклопува со кумулативната рамномерна месечна реализација. Стапката на реализација на оваа ставка само во месец Септември 2018 година изнесува 6,4%.







**Стоки и услуги**

Кумулативната месечна стапка на реализација на расходите за стоки и услуги до месец Септември 2018 година изнесува 57%, и е за 18 процентни поени под претпоставената кумулативна рамномерна месечна реализација од 75%. Во месец Септември 2018 година оваа ставка има реализација од 5,5%.






**Агенцијата за вработување (расходи)**

Кумулативната стапка на реализација на ставката социјални трансфери кон Агенција за вработување (вклучително и надоместоци за невработените, расходиза мерките за вработување и сл.) до месец Септември 2018 година изнесува речиси 86% и е за 11 процентни поени над претпоставената рамномерна реализација од 75%. Само во септември 2018 година оваа ставка има реализација од 17,4%.







**Буџетски дефицит/суфицит**

Кумулативната стапка на реализација на буџетскиот дефицит до месец Септември 2018 година изнесува околу 38%, што преставува 37 процентни поени пониска реализација од претпоставените рамномерни 75%.



**Државни записи**

Државните записи се основните инструменти на Владата/државата преку кои го финансира дефицитот на домашниот финансиски пазар. Кумулативната реализација на оваа ставка до месец Септември 2018 година изнесува 64% што претставува за 11 процентни поени помала од рамномерните 75%.




**Странски заеми**

Странските заеми се уште еден извор на финансирање на дефицитот и потребата за финансиски средства на државата. При толкувањето на податоците на оваа ставка треба да се има предвид нејзината изразена цикличност во реализацијата во зависност од периодот во кој е земен странскиот заем и неговиот износ. До месец Септември 2018 година кумулативната стапката на реализација на оваа ставка изнесува приближно 90% што е за 15 процентни поени повисока од претпоставените рамномерни 75%.



**Вкупни приходи од Даноци**

Вкупните даноци до месец Септември 2018 година ја следат нивната вообичаена месечна динамика. Стапката на реализација на оваа ставка до месец Септември 2018 година изнесува околу 72% што претставува 3 процентни поени пониска реализација од претпоставените рамномерни 75%. Стапката на реализација на оваа ставка само во месец Септември 2018 година изнесува приближно 7,4%.







**Данок од добивка**

Кумулативната стапка на реализација на данокот на добивка до Септември 2018 година изнесува околу 86%, што е за 11 п.п. повисока од рамномерните 75%.



**Персонален данок на доход**

Месечната стапка на реализација на персоналниот данок на доход до Септември 2018 година изнесува околу 69%, што е за 6 процентни поени помалку од претпоставените рамномерни 75%.




**Административни такси и глоби (приходи)**

Кумулативната реализацијата на приходите од административни такси и глоби до месец Септември 2018 година изнесува 66%, што претставува за 9 процентни поени пониска реализација од рамномерните 75%.




